# GENGIGEL®
Hyaluronic Acid

MK

**Создава заштитен слој кој ги обновува здравите непца и ги смирува воспалените ткива во усната шуплина GENGIGEL®** е медицинско средство кое оптимално се задржува и ја штити слузницата на гингивата. Различните полимери овозможуваат одлични механички својства и биокомпатибилност. Хијалуронската киселина со висока молекуларна маса (HMW анг. High molecular weight) е значајна состојка која по природа е слична со хијалуронската киселина што се наоѓа во гингивалното ткиво. Хијалуронската киселина со висока молекуларна маса е концентрирана во најоддалечениот слој на здравото гингивално ткиво, каде што има заштитна функција и допринесува до зголемена цврстина на периодонталните лигаменти. Кај парадонталните заболувања и други трауми на ткивата (воспаленија, гингивални џебови, рани и слично), потребата на ткивото од хијалуронска киселина значително расте (до 200% повеќе во однос на нормалните вредности), што ја покажува својата специфична улога во обновата на ткивата во усната шуплина.Недостаток на хијалуронска киселина: • Спречува воспоставување на рамнотежа на вода во непцата и мукозната мембрана на усната шуплина (како последица се јавува оток и притисок што ја предизвикува болката) • Спречува активирање на миграцијата на фиброцитите (клетки кои придонесуваат за заздравување на ткивото) и го продолжува времето на заздравување. Недостатокот на хијалуронска киселина е причина за континуирани воспаленија. Резултатите од клиничките испитувања покажаа дека егзогената хијалуронска киселина има слични карактеристики на природната и го олеснува процесот на заздравување и обновување на ткивото. GENGIGEL® е иновативен производ кој содржи долготрајна хијалуронска киселина со висока молекуларна маса, произведена со биотехнолошки процес. Нанесувањето на хијалуронската киселина помага во воспоставувањето на нормална рамнотежа на течности, овозможува регенерација на гингивите и забното ткиво, истовремено зголемувајќи го делувањето на природно присутната хијалуронска киселина. Хијалуронската киселина нема никакво локално, ниту системско фармаколошко дејство. GENGIGEL® овозможува оптимално врзување и задржување на хијалуронската киселина (која би била отстранета со плунка) во гингивалното ткиво. GENGIGEL® е исклучително сигурен производ, без контраиндикации и несакани дејства. Може да го употребуваат деца, постари лица и бремени жени. Неговиот безбедносен профил е особено корисен во случаи кога други антиинфламаторни средства се контраиндицирани. Производот може да го употребуваат и дијабетичари, бидејќи содржи природен засладувач ксилитол кој не доведува до значајни промени на нивото на гликоза во крвта и исто така не предизвикува забен кариес. Не се познати интеракции со други лекови. **Индикации:** воспаленија (гингивитис, гингивално крварење, гингивални ретракции, гингивални џебови) и други оштетувања на ткивата (како што се чиреви во уста, рани предизвикани од протези или ортодонтски помагала; чистење, абразија, вадење на заби, постоперативни опоравувања итн. ) и кај оние гингивални заболувања каде гингивалната мукоза има потреба од зголемена концентрација на хијалуронска киселина. **Упатство за употреба:** после правилна орална хигиена (миење заби по секој оброк), нанесете GENGIGEL® на оштетените места 3 – 5 пати на ден. Се препорачува континуирана употреба 3 – 4 недели, се додека не се повлечат сите симптоми. Се препорачува 30 минути по нанесување на GENGIGEL®, да не се консумираат храна и пијалаци. **Гел:** со чист прст нежно нанесете тенок слој од гелот на ткивото на гингивата имасирајте за правилна дистрибуција на гелот по површината. **Хидрогелен раствор за испирање на устата**: се испира со 10 ml (една доза) околу 1 – 2 минути. Производот е подготвен за употреба и не треба дополнително да се разредува. Вклучена е мерна чаша CE 0373. **Спреј:** секој спреј овозможува хомогена дистрибуција на течноста на површината, прснете 1 – 2 пати на воспаленото или заболено место. Шишето треба да се држи исправено. Не се пријавени проблеми по случајно проголтување на производот. **Контраиндикации:** не употребувајте GENGIGEL® во случај на хиперсензитивност на некоја од состојките на производот. **Предупредувања и мерки на претпазливост:** Не го употребувајте производот доколку има видливо оштетување. Да се чува натемпература, од 5°C до 40°C, заштитен од директни извори на топлина. Да не се употребува по истекот на рокот на употреба. После употреба, отстранете го вишокот од производот и затворете го. Производот е наменет само за лична употреба. Чувајте го подалеку од дофат на деца. Доколку симптомите не исчезнат, консултирајте се со вашиот стоматолог.

**Носител на решение за ставање во промет на медицинско средство:**
Медис Македонија ДООЕЛ Скопје, ул. Наум Наумовски Борче 50/2-6, 1000 Скопје
**Број на решение за ставање во промет на медицинско средство:** 14-9379/2 на 13.10.2020

**Composition / Zusammensetzung / Összetétel: / Sestava / Sastav: / Състав / Состав /**

| Principal ingredient: / Hauptinhaltsstoffe: / Fő összetevő: / Glavna sestavina: / Glavni sastojak: / Основна съставка: / Главна состојка: / | Other ingredients: / Sonstige Inhaltsstoffe: / Egyéb összetevők: / Druge sestavine: / Ostali sastojci: / Други съставки: | It may contain |
|---|---|---|
| GEL<br>Sodium Hyaluronate | Aqua, Xylitol, Cellulose Gum, Alcohol, PEG 40 Hydrogenated Castor Oil, Polyvinyl Alcohol, Carbomer (Polycarbophil), Dichlorobenzyl Alcohol, Aroma, Sodium Hydroxide, Acid Blue 9(CI 42090). | Citric Acid |
| HYDROGEL-MOUTHRINSE<br>Sodium Hyaluronate | Aqua, Xylitol, Alcohol, Polysorbate 20, PEG 40 Hydrogenated Castor Oil, Dichlorobenzyl Alcohol, Carbomer (Polycarbophil), Aroma, Citric Acid, Sodium Hydroxide, Acid Blue 9 (CI 42090). | – |
| SPRAY<br>Sodium Hyaluronate | Aqua, Xylitol, Alcohol, PEG 40 Hydrogenated Castor Oil, Sodium phosphate, Polyvinyl Alcohol, Aroma, Dichlorobenzyl Alcohol, Trisodium phosphate. | Citric Acid, Sodium Hydroxide |

MC200125SLO/J/E Release April 2019

CE 0051

+40°C
+5°C

RICERFARMA S.R.L.
Via Egadi, 7 - 20144 Milano IT www.ricerfarma.com
Made in EU